Науме РАДИЧЕСКИ (Скопје)

# БРЕМЕТО ВО ПОЕЗИЈАТА НА ДУШАН КОСТИЌ

Скоро шесте децении поетско искуство и трагања и веќе над четири децении забележливо присуство во југословенските книжевности, го истакнуваат *Душан Костиќ* како еден од оние репрезенти на современите југословенски книжевности чие дело предизвикува посебно внимание. Наслушнувајќи го својот првенствено лирски внатрешен повик, независно и од надворешниот објект на интересирање, пројавувајќи се најпрво како поет кој оствари единство меѓу интимата и револуцијата (во првите повоени години и во првите неколку книги), во својот натамошен неколкудецениски развој и голем поетски опус тој развива извонредно широк креативен дијапазон во кој првенствено место на поетското интересирање му припаѓа на просторот, на природата. Сепак, за оваа поезија, за овој поет, е веќе одамна претесна и одредницата со која Драган М. Јеремиќ во 1866 година го именува како „лирски летописец на оваа земја", бидејќи во својот натамошен развој, а пред сè во текот на 70-тите и 80-тите години. поезијата на Костиќ се повеќе претставува како поезија на југот, на Медитеранот, кој се смета за нејзин најглобален хронотоп. Во таа смисла Костиќ е денес еден од најинтересните југословенски поети.

Спротивно на ова, пак, во обемната критичко-есеистичка литература за поезијата на Душан Костиќ е повеќе или помалку заборавено дека во неговиот поетски опус во целост, а во некои негови книги или делови од нив и посебно, тој се претставува и како поет со нагласени не толку филозофски, колку егзистенцијални опсесии. Може да се рече дека тоа помалку или повеќе се чувствува уште во неговата поезија од 50-тите и 60-тите години („Говор земље", 1952; „Мреже", 1955; „Заборавље-

ни сњегови", 1958; „Дневи између нас", 1962; и „Шлеп уморне воде", 1968), кога кај него се забележува не само интересирање за подалечното минато (што е највидливо во песните на мотиви за Његош, на мотиви од историјата на црногорскиот и српскиот народ и слично), туку во неговиот поглед на свет се зародува онаа медитативна загриженост, како и онаа меланхолична скепса, што би рекол Радомир Ивановиќ, а кои ќе доведат до позначајни квалитативни промени во неговата поезија во 70-тите и 80-тите години. Во таа смисла не само просторот, туку и *времето* се јавува како една од видливите одредници во поезијата на Душан Костиќ. Во неговите поетско-филозофски рефлексии, во неговиот мисловен однос кон природата, кон времето и кон универзумот, сега се насетуваат траги како од оној његошевски поетско-филозофски пристап и поглед кон светот, така и од некои современи погледи на свет. Но, тие се подредени на неговите индивидуални, во суштина лирски проникнувања во и со стварноста.

Творечкиот однос на Душан Костиќ кон времето најпрво и најмногу се забележува во неговите песни испеани на мотиви од минатото. Иако се работи за поет за кој може да се рече дека со целото свое битие му припаѓа на најновото време од историјата на југословенските народи, на повоеното, сепак, колку е тој временски врзан и за минатото, потврдува и една констатација на Жарко Ѓуровиќ. Аналитички пишувајќи за една подоцнежна негова песна („Нека нова мора" од збирката „Призив прашуме", 1984), и прашувајќи се „које море и које вријеме п р и з и в а пјесник?", тој добива „утисак да он не прижељкује будућност. Страхује од ње. Тај страх овде добија димензију очаја. Прошлост добија наглашени пијетет, а све друго пјесника озлеђује." („Стварање", год. XLII, бр. 7—8, Титоград, јули-август 1987, стр. 829). Веќе со самото тоа што авторот лирски проникнува во некое друго време, независно колку е тоа оддалечено од времето на настанувањето на песната, во неговите стихови се остварува поетски дијалог со временски оддалечени, но не и временски неконтактибилни личности ,настани и појави. Неретко, пак, па дур и со самото тоа, со лирското проникнување во други времиња, се остварува и еден индивидуален, првенствено лирски, но и филозофски дијалог со самото време, односно со некои поединечни или поопшти временски категории.

Во смисла на погорното, можности за аналитичко проникнување пружаат ред песни на Душан Костиќ кои, навистина, со оглед на неговиот обемен поетски опус и не се така многу. Најпрвин мислиме на неговите песни во кои тој е во поетски дослух со Његош и со неговото време, и во кои се остваруваат мотивски контакти со Његошевата и со његошевската мисла воопшто. Тоа се песните како „Његош", „Ноћ скупља вијека", „Бдијење",

„Растанак“, „У Напуљу“, односно целиот циклус „Његош“ од збирката „Говор земље“ и уште некои други песни. Во нив Костиќ можеби за првпат се претстави како поет кон гледа не само во просторите на природата, туку и во просторите на времето, како поет кој понекогаш скоро астрално умее да проникне во некој не толку одреден, колку насетен период од минатото.

Овие мотиви се една од најцврстите алки на поезијата и на поетиката на Душан Костиќ. Тие можеби најдиректно го упатуваат нивниот истражувач на врските на неговата поезија со поетската и не само со поетската традиција кај црногорскиот народ. Иако во основа рефлексивни, без оној лирски тембр во нив, без онаа жед за просторите и за далечините, незамислив е и подоцнежниот Костиќ — поетот на Медитеранот. Неговите подоцнежни, пак, повеќе симболични, индиректни, не би рекле навраќања, туку опсесии со личноста на Његош (на пример, во повеќето песни од циклусот „Сњегови Ловћена“ од збирката „Лирика југа“, 1977), сведочат не само за трајноста на овие преокупации, туку и за развојот на творечкиот пристап кон нив. Директно или индиректно, со нив е во врска скоро целиот подоцнежен Костиќ, а пред сè она што него го открива како поет на Медитеранот.

Во поезијата на Душан Костиќ, исто така, се открива и едно сопствено проникнување, привнесување и пренесување во други времиња. Тоа тој го остварува на еден поинаков принцип на поетското трагање, отколку што е во случајот на некои други поети. Кај него се работи можеби повеќе за откривање на себеси во други времиња. Затоа, веројатно не случајно, во песната „Двојник мене“ тој се прашува:

*Можда ни постојао нисам, можда то ја*
*само сам призрак неком који ће тек да дође.*

Кон овие и кон слични на нив песни, се придружава и песната „Капија времена“, во која поимот и сфаќањето за времето во поезијата на Душан Костиќ веројатно најзабележливо прераснуваат од едно конкретно време во општо време. Инспиративниот пот тик за оваа песна (според едно лично негово искажување) поетот го доживува пред портите на Самуиловата тврдина во Охрид и тие порти се таа поттикнувачка „капија времена“. По неговите песни во кои е во дослух со личности, настани и појави од минатиот век, како и по неговото колку свесно толку и несвесно творечко соочување со веројатно најопштата категорија на нашите поимања, сега тој се соочува со предизвик кој симболизира и носи многу векови, цело илјадолетие, а можеби и повеќе. Оттука, Костиќевото поетско чувство за времето овде се проширува на времето воопшто, на безграничното време.

*„Све ти окрену леђа — и насеља и шуме; лагано*
*каће се расточена, пружена шаци да голу те обурдава;*
*ти си капија времена која су испод тебе отишла*
*некуд, у историју ваљда, у мртвосано,*
*ти си чемерна душа коју је појела трава;*
*и што се чудиш за халак под којим паде једном!*
*за мржњу ножа*
*која све испретура одавде до облака, одавде до*
*плавила, преко гора до мора".*

Но, „портата на времето" за поетот не е само порта под која поминале вековите. За него таа порта е и излез во просторите на времето воопшто. Преку неа тој најсигурно излегува од сопственото време, од нему поблиските временски простори и нурнува во далечни времиња, во времиња скоро недосежни за нашата мисла и чувство, времиња што се кондензирани во поимот за апстрактното. Тоа, пак, повеќе ќе дојде до израз во неговите понови и најнови остварувања. Ако Јадранското Море и, посебно, неговата Бока, му е прозорец кон светот (Мирослав Ђуровић, „Лирски шапат свијету", стр. 29), односно кон просторот, тогаш Охридската Порта за него е простор, предмет (прозорец) за излез како во вселенскиот простор, така и во времето, во од поетот насетуваните и философски замислуваните категории на времето.

Додека песната „Капија времена", како по времето на своето настанување (1974), така и по зголемувањето и проширувањето на интересирањето за овој најширок поим во човековите сознанија, претставува средишен, централен дел во нашето разгледување на философско-егзистенцијалистичките аспекти на поезијата на Душан Костиќ, посебно на односот на поетот кон времето, во неговите понови и најнови остварувања се појавуваат не само надградувања над ова туку,и нови аспекти на поетскиот однос кон времето. Сепак, нив им претходи она Костиќево антејско свртување кон сопствениот традиционален простор, навраќањето кон онаа инспирација врз која уште на почетокот на 50--тите години ги започна и своите зрели рефлексивни поетски проникнувања во минатото, а со тоа ја постави и својата поетика на времето. Тоа е повторното мотивско свртување и поетско обраќање кон Његош, кон неговото време, кон она што е бесмртно во Његош и во његошевското. Тоа се ако не сите, тогаш еден поголем дел од песните од циклусот „Сњегови Ловћена" од збирката „Лирика југа" (1977). Поетовото навраќање кон његошевскиот период, неговото, би рекле вистинско проникнување во него, сега низ квалитативно далеку поразвиен пристап, најмногу го чувствуваме во стиховите на песната „Притајна зора":

*Хајдучка крв је у мени,*
*изгледа. Осјећам то.*
*Ловћене, наткриљујеш ме камењем,*
*наткриљујеш тугу моју прастару*
*прадавну ко оно море сиње*
*испод твојих кољена.*
*Ловћене, ведрино моја, туго моја,*
*потајно хајдукујем за неку притајну зору —*
*једном ћемо је испити до дна!*

Повеќе песни од поетските книги на Душан Костиќ од последнава деценија („Морија“, 1980; „Призив прашуме“, 1984; „Поезија. тристија“, 1985; „Ако се наљуте птице“, 1986; „Сахара“, 1987; „Отапање лудила“, 1987 и други), како можеби и сета таа поезија заедно, откриваат нови и подлабоки поетски трагања како во сопствениот свет, така и во бесконечноста, во универзалноста на времето. Покрај некои песни од „Морија“ (поетска книга создадена непосредно по земјотресот во Црна Гора од април 1979 година и инспирирана од него), кои се однесуваат на пеколната енергија, особено внимание привлекуваат неколку песни од збирката „Сахара“. Песната „Можда је вријеме већ“ асоцира на поетовото очекување на некое време, но тоа е истовремено и негова запрашаност за тоа време, за неговото доаѓање: „Све нам се чини / ето и не слутимо, не знамо до краја / шта се то у нама стекло“ — вели тој на почетокот на оваа песна.

Како и кај многу други современи поети, кај Душан Костиќ се јавува и чувство на недостаток на време. На тоа асоцираат некои стихови од песната „Пјесма о албатросу и соколу“, исто така од збирката „Сахара“. Забележливо е што недостатокот на време, што се „јавува“ во последните стихови:

*Сад ни о соколу, ни о албатросу*
*немам времена да мислим.*

*Толико журим*
*да прескочим самог себе“.*

всушност, се јавува како последица на тоа што „поетовиот“ сокол е „одамна одлетан“, што дури „не ни стигнал / да докликне од минатото, од маглата“. Затоа, во оваа песна на Костиќ не се работи за чувство за апсолутноста на времето, ниту само за филозофски или поетски однос кон времето како категорија. Ова е чувствување и на себеси во времето. Повеќе од тоа — чувствување на времето преку некое мерење, преку некое одредуање, и тоа, како што би иделе и понатаму, одредување пред сè во однос на сегашноста. Но, мерењето и одредувањето на себеси во времето овде се не само индивидуални, туку показ и на една чувствена беспомошност, показ на душевно незадоволство, а не

на интелектуално соочување со временската бесконечност. Многу поинтересна е во таа смисла песната „Превара“ од истата книга. Ни тука не се работи за некакво мисловно опфаќање на времето, туку за двојство на сопственото време, за чувствување на повеќе временски проекции на рамништето на сопственото време. Може да се рече дека тоа се и проекции на минатото (и на иднината) во рамништето на сегашноста:

*Одједном видиш: будућност твоја*
*неприметно постаде прошлост.*
*Твој поглед*
*окренуо се извору давном.*
*А читаво вријеме очекивао си прах звјездани*
*и неке величанствене тренутке —*
— — — — — — — — —
*Све што си доживљавао то није било о н о,*
*увијек је благо море измицало испред тебе.*
*Био си нестрпљив на садашњост*
*пришгајући јој покаткад у име оног што те*
*под маглом чека.*

Во разгледуваниве песни на Душан Костиќ, а не е исклучено и во некои други, низ оние лирско-меланхолични навеви, кои кај поетот ги предизвикуваат и судрувањата со бесконечноста на времето, кон кое можеби секој интелект или чувственик сличен на него е судбински насочен, се чувствуваат траги од оној час маглив и меланхоличен, час небесно син суматраизам на Милош Црњански Со таа разлика што Костиќ е повеќе упатен кон себеоткривањата, кон меѓусебните проникнувања и кон врските меѓу одредени, најчесто само нему познати или само од него насетени делови или категории на времето. Меѓутоа, неговото, овде неразгледувано, но мошне познато проникнување во просторот, проникнување до вживување, до поистоветување со него е, во исто време и влез и излаз кон/во бесконачноста на времето. Не случајно, просторните оддалечнеости за него се и временски оддалечности (на пример во песните „Дневи између нас“ и „Птица неспокоја“). Костиќевата поетика на времето, не е нешто посебно во неговиот хронотоп, нешто одделно од поетиката на просторот, туку неговата поетика на природата, на просторот, е до тој степен развиена, што во неговите остварувања од поново време, таа сама по себе е и поетика на времето ,односно поетика и на просторот и на времето заедно, т.е. поетика на Универзумот.

Во поезијата на Душан Костиќ, повеќе или помалку, се одразиле како временските проекции (пред сè во неговите песни на мотиви од минатото, како што се песните од циклусот „Његош“ и некои други), неговиот однос кон некое друго време, така и

проекциите на себеси (и на човекот пошироко) во бесконечноста на времето, во времињата. Творечката преокупираност со времето кај Костиќ зрее од песните за Његош, па преку „Капија времена" и „Сњегови Ловћена", до песните од неговите најнови книги. И во „Капија времена" и во „Сњегови Ловћена", но уште повеќе во песните од „Сахара" и од другите книги од овој период, тој творечки однос се надградува и се развива до тој степен што му дава целосно право на Мирослав Ѓуровиќ кога вели дека „поетовите медитации се приближуваат кон његошевскиот однос кон вечноста и кон толкувањето на човековото значење во времето" (Мирослав Ђуровић, „Лирски шапат свијету", стр. 26).

Лириката на Душан Костиќ гради и една уште поширока, можеби најсеопфатна проекција во однос на времето. Ако тоа, сепак, не е секогаш така забележливо во песните инспирирани од одредени појави во природата и во животот, како што е „птицата што лета од себе", што е за нас рамно и на излегувањето од сопствениот простор-време, како што е *долговечната* маслина, за која поетот испеа многу песни, како што е и алојата (од песната „Клик и крик" во збирката „Лирика југа"), тогаш таквите поетски истражувања на Костиќ нашле резултат во неговите песни за природата, за просторот пошироко и поопшто. Тоа се песните за морињата, за островите, за архипелагот, за пустината итн. Иако му пристапува чувствено, просторот за него е и космогониска појава, па затоа неговите мориња и архипелази, неговите острови и неговите сахари, се и временски неограничени, бесконечни. Просторот и времето тука се згуснуваат во една универзална општост.

Во поетските сознанија и проникнувања на Душан Костиќ кои се во дослух со времето или кои се и временски повеќезначни, и најзабележливо и највисоко место, сепак, има човекот. Имено, како целосен лиричар, како лиричар по вокација, Душан Костиќ не може светот околу себе да не го гледа со особено чувство. Токму затоа, своите поетски истражувања на временските простори, тој можеби и најмногу, никогаш не ги сведува само на преокупации со феноменот на времето како такво. Тие претстави се исполнети со поетската визија за човекот. Така, Миливоје Марковиќ со многу право вели дека својата поезија тој и временски ја одредил и дека „за него времето е простор за развиток на човекот". Но, едно наше размислување не води уште понатаму. Имено, во поезијата на Душан Костиќ не само што човекот не е надвор од времето, не само што е во него, туку и времето не е надвор од човекот и е неговата можеби најсуштествена состојка.

Naume Radičeski

## TIME IN THE POETRY OF DUŠAN KOSTIĆ

Summary

Although recently Dušan Kostić presented himself primarily as a poet of the South — the Mediterranen — that is of (the open) space. In his poetry one can sense certain reflective and poetic-philosophical engrossments with the phenomenon of time as well. That is evident, in the first place and perhaps mostly in his poems on the theme of the past, written sporadically since the early fifties; among them a particular place is assigned to the poems of the cycle »Nyegosh« *(Njegoš)*. Although it is primarily his recent poetry as a whole that tells about his relation towards time, it is most explicitly felt in such poems as »The Gate of Time« *(Kapija vremena)*, and in some of those in the cycle »The Snows of Mt. Lovćen« *(Snjegovi Lovćena)*. In these we are simultaneously faced with his modernized, completed poetic relation towards the past (the time) and his all-inclusive approach to space and time. With regard to the latter, his creative response is found in his latest books of poetry — »Maria« *(Marija)*, »Call of the Virgin Forest« *(Priziv prašume)*, »Poetry: Tristia« *(Poezija: Tristija)*, »Sahara«, »Dissolution of Madness« *(Otapanje ludila)* and others. In them the poet appears to be an investigator of questions related to man's (his personal) existence in time.

But specific for Kostić are both the mere recognition and mutual permeation and bonds between particular, perhaps perceived only by him, parts or categories of time. His deep poetic penetration into the space is both the entrance to and an exit from the endlessness of time. In essence, his poetics of space, of nature, is developed to such an extent that in his recent creations it has become the poetics of time — that is the poetics of both space and time.